Република Северна Македонија
ЈУ МЕЃУОПШТИНСКИ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА
Бр. 05-294/8
03.08 2021 год.
БЕРОВО

Ndermarrje publike për menaxhimin me pyjet shtetërore
НАЦИОНАЛНИ ШУМИ П.О.
PYJE KOMBËTARE P.P.
Бр./Nr. 08-21/238
05-08-2021 год./viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Договор за набавка, транспорт и растовар на буково огревно дрво (класа 1/2) за потребите на Дневен центар за лица со ментална или телесна попреченост и Мал групен дом-Берово (количина 30 м3), склучен на ден ___03.08.2021_______ год.помеѓу:

## I.ДОГОВОРНИ СТРАНИ

1. **ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа – Берово**, со седиште на ул.,,Младински Кеј,, бр.2-А, претставувано од Директорот Маја Николова, во понатамошниот текст: Договорен орган, и
2. **Јавно претпријатие МАКЕДОНСКИ ШУМИ п.о- Скопје** ул.,Перо Наков, бр 128 Скопје-Гази Баба, претставувано од одговорно лице Јулиана Николова, во натамошниот текст: Носител на набавката.

## II ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

Член 1

Предмет на договорот е набавка, транспорт и растовар на буково дрво (класа 1/2, и опсег на дијаметар од 7-16см) за потребите на Дневен центар за лица со ментална или телесна попреченост и Мал групен дом-Берово, во количина 30 м3, согласно понудата на носителот на набавката дадена како Прилог 1 на овој договор.

## III ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

Член 2

Вкупната вредност на договорот ќе се утврди врз основа на реално извршените испораки, но нема да го надмине износот од 93.630,00 денари без вклучен данок на додадена вредност. Данокот на додадена вредност изнесува 16.853,00 денари или вкупно 110.483,00 денари. Во цената се пресметани сите трошоци за набавката и испораката на предметот на договорот.

## IV РОК НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРЕДМЕТОТ НА ДОГОВОРОТ

Член 3

Рокот за реализација на предметот на договорот е 90 дена од денот на склучување на договорот.

## V РОК И НАЧИН НА ИСПОРАКА

Член 4

Носителот на набавката е должен во рок од 5(пет) дена од денот на доставената писмена нарачка од страна на договорниот орган да го испорача огревното дрво. Испораката на предметот на договорот ќе се врши во работни денови од 08.30 до 16.30 часот. Испораката на предметот на набавката од страна на носителот на набавката ќе се врши со возила на носителот на набавката ќе со цел утврдување на точно истоварената количина на дрва.

Член 5

Договорниот орган го задржува правото да ја контролира количината, квалитетот (класа 1/2) на испорачаното дрво при приемот. Носителот на набавката нема право да го одбие контролирањето на количината на квалитетот на испорачаното дрво.

Член 6

Испораката се смета за извршена по потпишувањето на испратницата од страна на овластен претставник на крајниот корисник и претставник на Носителот на набавката. Испратницата ја издава Носителот на набавката во моментот на примопредавањето на дрвото, со внесување на точно испорачаната количина.

Член 7

Во случај на доцнење со испорака на дрвото од страна на носителот на набавката, договорниот орган има право на надомест на штета.

## VI НАЧИН И РОК НА ПЛАЌАЊЕ

Член 8

Договорниот орган ќе го изврши плаќањето на испорачаното дрво во рок до 30 (триесет) календарски денови сметано од денот на приемот на фактурата во архивата на договорниот орган.

Кон фактурата за плаќање задолжително се приложува придружен документ (испратница) потпишана и заверена од овластен претставник на крајниот корисник и Носителот на набаваката, со која се потврдува приемот на дрвото.

## VII ОБВРСКИ НА НОСИТЕЛОТ НА НАБАВКАТА

Член 9

Носителот на набавката не смее да го менува квалитетот и количината на буковото огревно дрво (класа 1/2) согласно тендерската документација.

Член 10

Носителот на набавката се обврзува да издаде испратница и документ за квалитет на буковото огревно дрво (класа 1/2)

Член 11

Приговор на квантитетот се доставува до Носителот на набавката веднаш по констатирање на кусокот.

Доставениот приговор, Носителот на набавката е должен да го разгледа и да му одговори на Договорниот орган веднаш или најдоцна во рок од три дена.

Доколку се утврди оправданост на приговорот се составува записник и Носителот на набавката е должен да издаде книжно одобрение на Договорниот орган за констатиран кусок.

Член 12

Доколку се констатира отстапување од декларираниот квалитет, трошоците за испитувањето, како и трошоците предизвикани од неадекватниот квалитет, паѓаат во целост на товар на Носителот на набавката.

## VIII ОБВРСКИ НА ДОГВОРНИОТ ОРГАН

Член 13

Договорниот орган се обврзува дека ќе врши плаќања на фактурите по однос на предметот на набавката, по извршената испорака, во рок од 30 дена од денот на приемот на фактурата и испратницата во архивата на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа – Берово.

## IX ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ОДГОВОРНОСТ И ПОСЛЕДИЦИ ОД НЕИСПОЛНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 14

Договорните страни се ослободуваат од преземените обврски по овој Договор во случаи, настани и околности што се предизвикани независно од нивната волја, а што го отежнуваат или оневозможуваат извршувањето на договорот.

Член 15

Како случаи и околности настанати независно од волјата на договорните страни се сметаат: воени дејствија, пожар, хаварии, сообраќајни и други незгоди, и во други случаи што непосредно влијаат на извршувањето на обврските.

Член 16

Доколку Носителот на набавката не е во можност поради горенаведените причини да ги испорача договорените количини буково дрво, должен е писмено во рок од 24 часа да го извести Договорниот орган.

## X РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 17

Кога една од договорните страни нема да ја исполни својата обврска, другата договорна страна може да бара исполнување на обврската или да го раскине договорот.

Член 18

Договорната страна која поради неисполнување на договорните обврски го раскинува договорот должна е тоа да и го соопшти на другата договорна страна без одлагање.

Со писменото известување се смета дека договорот еднострано е раскинат. По раскинување на договорот странките се должни да ги измират настанатите обврски до раскинување на договорот.

**XI ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Член 19

Овој Договор стапува на сила од моментот на неговото потпишување од овластените претставници на договорните страни.

Член 20

Договорните страни можат да ги дополнат и/или изменат одредбите од овој договор спогодбено.

Договорната страна која бара измена и/или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Дополнувањата и измените на овој договор се важечки ако се направени во писмен облик и ако се потпишани од двете договорни страни.

Овој Договор може да се изменува и дополнува со Договор за изменување и дополнување потпишан од овластени претставници на договорните страни.

Член 21

Сите евентуални спорови кои би произлегле од овој Договор, а кои договорните страни не би можеле да ги решат спогодбено, ќе ги решава надлежниот суд во Берово.

Член 22

Овој Договор е составен во 4 (четири) примероци, од кои по 2 (два) примерока за секоја страна.

**Договорен орган:**
**ЈУ Меѓуопштински центар**
**за социјална работа Берово,**
**Директор,**
**Маја Николова**

**Носител на набавка:**
**ЈП МАКЕДОНСКИ ШУМИ-Скопје**
**одговорно лице,**
**Јулиана Николова**